**ЗАПИСНИК**
**од 44-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.11.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ,, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Милаим Абдураими, Емилија П.Камењарова, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 44 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Фетаи ќе задоцни на седницата поради густиот сообраќај во градот. Во врска со отсуството на г-дин Јанчески објасни дека со него се слушнал во текот на минатата недела и бил известен дека денес има обврски со студентите поради припрема за колоквиуми. Г-дин Јанчески побарал терминот за оваа седница да се одложи за во понеделник, но поради запазување на рокот за јавната расправа по Нацрт-програмата, во договор со г-дин Јанчески се одлучил да се одржи седницата без негово присуство. Појасни дека доколку г-дин Јанчески има забелешки по Нацрт-програмата, ќе ги достави во текот на јавната расправа додека документот не се подготви во предлог верзија.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" (г-дин Фетаи не беше присутен во текот на гласањето) го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на предлог-записник од второ продолжение на 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 31.10.2018 година.
2. Усвојување на предлог-записник од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.10.2018 година.
3. Предлог-одлука за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица.
4. Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2019 година.
5. Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2019 година.

6. Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година).
7. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства за двајца вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за учество на обука – Курс за канцелариско и архивско работење.
8. Разно.

Г-дин Петрушевски во врска по Нацрт-документите на Точките 4, 5 и 6 предложи да се отвори заедничка дискусија бидејќи тие меѓусебно се поврзани, а потоа гласањето за секоја од нив да биде поединечно.

Г-дин Фиданоски рече дека во принцип членовите на Советот дискутираат за програмата додека за плановите најчесто нема дискусија. Според него не е спорно да се отвори заедничка дискусија.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" (г-дин Фетаи не беше присутен во текот на гласањето) го усвои предложениот Записник од второ продолжение на 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 31.10.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 5 гласа „за" (г-дин Фетаи не беше присутен во текот на гласањето), го усвои предложениот Записник од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 31.10.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Одлука за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа на Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Скопје од Скопје, за радио емитување на програмски сервис, наменет за христијанското население, на подрачјето на општина Струмица, на локално ниво, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 106.5 MHz. Објасни дека подносителот на барањето за изработка на Студија, Здружението РАДИО МАРИЈА поднесе барање уште на почетокот на оваа година за две непрофитни радија за територија на Скопје и територија на општина Струмица. На почетокот добиено е известување од АЕК дека за двете територии нема технички можности. Но подоцна дополнително се создадоа услови за територија на општина Струмица со одредени мали технички пречки и за тоа подносителот на барањето беше информиран. И под такви услови тој се согласи да се изработи Студија за потреба од вакво радио. Студијата се изработи, се објави конкурс од страна на Советот и на конкурсот се пријави само еден кандидат. Поднесената апликација е прегледана, добиено е позитивно мислење од сите Сектори и затоа се предлага до Советот да ја додели оваа дозвола. Посочи дека ова е првпат во Република Македонија да се додели ваков тип на непрофитно радио.

Раководителката на Одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева Алексовска објасни дека одлуката за објавување на јавниот конкурс беше објавена на 18.07.2018 во Службен весник на РМ. Рокот за поднесување пријави беше 90 дена од денот на објавување во Службен весник, заклучно до 16 октомври 2018г. Во предвидениот рок беше поднесена само една пријава од Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА и потоа сите чекори беа преземени онака како што предвидува Законот. При тоа беше одржано јавно отворање каде што се разгледуваше пријавата од аспект на тоа дали ги содржи сите прилози и документи коишто се предвидени во член 73 став 3 од ЗААВМУ. Почнувајќи од 25 октомври 2018г. па натаму секторите ја разгледуваа содржината на пријавата и придружната документација. Од целата постапка се утврди дека поднесената пријава ги исполнува условите предвидени во конкурсот и затоа е даден предлог од Директорот да се донесе предметната одлука.

Г-дин Петрушевски објасни дека сите потребни документи по точката членовите на Советот ги имаат во материјалите и отвори дискусија. Посочи дека ова е редок случај да се доделува дозвола на радио станица со верска содржина.

Г-дин Фетаи пристигна на седницата пред гласањето по точката. Г-дин Петрушевски му објасни дека се дискутираше за редок случај за доделување на дозвола за радио емитување со верска содржина.

Г-дин Фетаи рече дека дискусијата по точката ја следел преку директен пренос на седницата преку YouTube каналот на Агенцијата. Се изјасни дека се согласува со предлогот и ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-488 од 14.11.2018 година поднесен од Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно со 6 гласа „за" донесе Одлука за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа на Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Скопје од Скопје, за радио емитување на програмски сервис, наменет за христијанското население, на подрачјето на општина Струмица, на локално ниво, на македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија, и тоа: 106.5 MHz., со текст како што беше предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни работи, одлуката за доделување дозвола да ја достави до Здружение РАДИО МАРИЈА МАКЕДОНИЈА Скопје од Скопје, со цел да регистрира непрофитна радиодифузна установа во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата да ја издаде предметната дозвола.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски им посака успех во идното работење и рече дека треба да се види дали понатаму ќе се добијат вакви слични барања.

**Точки 4, 5 и 6**

Г-дин Петрушевски, бидејќи г-дин Фетаи не беше присутен на почетокот на седницата, му објасни дека се договориле за Точките 4, 5 и 6, односно Нацрт-

годишниот план за вршење програмски надзор за 2019 година, Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2019 година и Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година) да има заедничка дискусија. По наведените точки отвори дискусија.

Г-дин Трајчевски рече дека накратко ќе ги објасни Нацрт-програмата и Нацрт-финансискиот план и најави дека на седницата се присутни раководителите од сите сектори и служби коишто ќе одговорат на евентуално поставените прашања или на потребата од одредени дообјаснувања. Посочи дека една од главните активности наредната година се планира да биде надзорот врз програмите на радиодифузерите и мониторинг на претседателските избори бидејќи следната година треба да се одржат редовни претседателски избори. Во согласност со одредбите на Изборниот законик и согласно Методологијата којашто ја донесе Советот пред кратко време мониторингот се реализира од денот на распишување на изборите. Големо значење следната година исто така ќе биде посветено и на социјалната инклузија и медиумската писменост. И понатаму Агенцијата ќе продолжи со активностите за поддршка на развојот на медиумската писменост и поттикнување на радиодифузерите да вложат напори своите програми да ги направат достапни за лицата со сетилна попреченост за што и Агенцијата има законски обврски. Оваа година истекува и тригодишната програма на Агенцијата за обезбедување достапност на медиумите за лицата со сетилна попреченост и поттикнување на медиумската писменост. Искуствата од спроведувањето на овие два документа и искуствата од другите европски држави укажуваат дека е подобро место планови со ограничен период на траење, посоодветно е да се изготват документи за политики по овие прашања, и оттаму активностите за следната година ќе бидат посветени во таа насока. Ќе се продолжи и понатаму со настојувањето кај радиодифузерите да се изгради свеста за потребата од саморегулаторен акт за тоа како да ги направат нивните програми достапни до лицата со сетилна попреченост преку средби, консултации, работилници и други механизми. И понатаму ќе продолжат активностите за подигнување на свеста кај јавноста за важноста за медиумската писменост преку изработка на различен информативен материјал, организација на настани, поддршка на разни проекти и слично, како и поддршка на Мрежата за медиумска писменост. Планирани се активности за зајакнување на капацитетите на самата мрежа за медиумска писменост бидејќи Агенцијата е само иницијатор за основање и член меѓутоа сепак најголемиот товар и најголемите очекувања на јавноста се токму од АААВМУ бидејќи таа има и законска обврска за да се грижи за медиумската писменост во Република Македонија. Во делот на јавноста во работењето, Агенцијата ќе спроведува административен надзор со којшто ќе го следи исполнувањето на обврската на радиодифузерите - податоците за сопственоста, финансирањето и уредништвото да ги достават до Агенцијата и да ги објават на својата програма. Освен тоа, а заради поголема видливост на податоците за сопственичката структура на радиодифузерите, ќе се изработи посебна електронска база со овие податоци на веб страницата на Агенцијата. Во врска со заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата ќе постапува по доставените известувања за промена на сопственичката структура, ќе ја следи сопственоста на радиодифузерите од аспект на почитување на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост, посебните забрани за стекнување сопственост и спречување на недозволената медиумска концентрација,

а доколку има сознанија за евентуално прекршување на овие одредби, ќе поведува постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација. Во делот за доделување дозволи, рече дека при евентуално барање за доделување дозволи за терестријално телевизиско емитување или радио емитување Агенцијата ќе изработува студии со коишто ќе се утврди или нема да се утврди потребата од распишување на конкурс. Во случај на поднесено барање за емитување преку ОЈЕКМ, Агенцијата ќе доделува дозволи во случај да барателите ги исполнуваат условите предвидени со Законот и подзаконските акти коишто ги има донесено Советот на Агенцијата. И понатаму активно ќе продолжи да учествува во работата на Македонскиот комитет за мерење на публиката и исто така ќе продолжи да изработува квартални извештаи како и секоја година. Во досегот на гледаноста и слушаноста на телевизиите и радиостаниците во Република Македонија, директно не ги изработува Агенцијата туку ги нарачува по пат на јавна набавка од специјализирани агенции. Во делот на транспарентноста и следната година, една од основните цели на Агенцијата ќе биде да се обезбеди што е можно поголема транспарентност во нејзиното работење преку одржување јавни состаноци, пренос во живо на седниците на Советот, ажурирање на содржините на YouTube каналот и Facebook страницата; редовна комуникација со јавноста. Ќе се изработуваат анализи кои редовно ги изработува Агенцијата, ќе се врши соодветен стручен надзор, ќе се врши регистрација односно издавање на потврди за реемитување на странски канали во согласност со законот и подзаконските акти и ќе се контролира работењето на ОЈЕКМ во однос на тоа дали реемитуваат канали коишто се регистрирани во Агенцијата и за кои имаат регулирани авторски права преку договори за регулирање на истите. Во делот на меѓународната соработка, Агенцијата активно ќе учествува во Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), но и на други настани од меѓународен карактер, релевантни за аудиовизуелната област. Ќе продолжи со понатамошно продлабочување на соработката со регулаторите од земјите од регионот и пошироко. Имајќи предвид дека до година ќе има редовни претседателски избор вообичаено Агенцијата ќе соработува со мисијата на ОБСЕ/ОДИХР. Во рамките на определбата и заложбите на Република Македонија за зачленување во НАТО, Агенцијата ќе учествува во изработката на Годишната национална програма за членство на Република Македонија во НАТО, во областа на слобода на изразување. Во делот на транспарентноста на Агенцијата и комуникација со јавноста редовно ќе се ажурираат и веб страниците на Агенцијата www.avmu.mk и www.mediumskapismenost.mk за да информациите за активностите на Агенцијата и Мрежата за медиумска писменост бидат лесно достапни до сите заинтересирани страни. Во делот на внатрешната ревизија во 2019 година ќе бидат спроведени три внатрешни ревизии, и тоа: ревизија врз управувањето со ризици во Агенцијата, ревизија на процесот за јавни набавки и спроведување на договорите од јавни набавки и follow-up ревизија (следење на спроведувањето на препораките). Како дел од процесот на евроинтегрирање на Република Македонија со ЕУ, Агенцијата ќе учествува во подготовка и имплементација на националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА). Во делот на финансиското работење за следната година се планира Агенцијата да има приход од 141.000.000,00 денари од коишто најголемиот дел 71.500.000,00 денари ќе бидат од приходот за финансирање од радиодифузна такса од буџетот на Република Македонија, планирани приходи од надоместоци за дозволи за вршење на радио и ТВ емитување и тоа дозволите кои ќе

се фактурираат во 2019-та година во износ од 56.600.000,00 денари, планирани приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во износ од 8.300.000,00 денари, планиран приход од Буџетот на РМ за изборен процес во 2019-та година во износ од 4.000.000,00 денари и приходи од транзитни фактури односно она што Агенцијата го наплаќа од Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор за одредени комунални дејности во износ од 600.000,00 денари. Од тие 141.000.000,00 денари Агенцијата планира да потроши 117.587.549,00 денари. Се јавува одредена разлика помеѓу планираните приходи и расходи меѓутоа при планирањето на оваа состојба се води сметка, се има предвид дека доколку се извршат измени на Законот, приходите на Агенцијата ќе се намалат па така и планираните приходи сега планирани на 141.000.000,00 денари во таа ситуација би биле намалени и би дошле во она што е планирано како ставка за расходи. Објасни дека сите ставки поединечни ги има во материјалите, од кои одредени ставки минимално се зголемени во Финансискиот план за следната година во зависност од движењето на пазарот и искуството што го имала Агенцијата. Во одредени ставки има намалување, тамо каде што е констатирале дека одредени услуги Агенцијата можела да ги набави по пониски цени. На крајот напомена доколку членовите на Советот имаат одредени прашања, да се обратат до раководителите на секторите и службите.

Г-дин Петрушевски се јави за дискусија и рече дека има два предлога и две размислувања. Во врска со предложените 3 точки рече дека трите документи од страна на службите се стандардно квалитетно направени, професионално, содржајно, кратко и јасно. Она што смета дека може да го збогати Планот за работа на програмата на Агенцијата за 2019г. е тоа дека некаде во нејзината содржина недостасува да се спомене дека во наредната година ќе почне реализација на новата Стратегија. Иако Агенцијата и Советот сеуште ја немаат донесено, се надева дека до крајот на годината ќе биде донесена. Не може сега да се кажуваат детали што би спровеле, но може една реченица да се стави дека – во текот на 2019 година ќе започне реализација на новата Стратегија. Доколку во текот на декември има повеќе информации, може и нешто конкретно да се стави внатре, но ова некако му е најсигурно дека во текот на 2019 година би почнала реализација на новата Стратегија со периодот кој што се планира да гласи. Тоа е првиот предлог. Во делот на Финансискиот план го приметил износот што е планиран за 2019 година за одржување на системот за мониторинг која што претставува основна задача на Агенцијата. Сумата од околу 7 и нешто милиони денари односно околу 100 илјади евра годишно, истата од претходната година се повторува. Системот веќе неколку години живее и секоја година како поминува е потешко да се одржува бидејќи таква е состојбата со информатичката опрема. Иако нејзината цена паѓа тоа не значи дека и вредноста на нејзиното одржување паѓа. Кога опремата е постара одржувањето е покомплексно и тој што се нафаќа да го одржува му е проблем и може да понуди повисока цена. Смета дека за вака големи системи да се прават набавки за една година не е добро. Неговиот предлог во овој дел е да се планира најмалку период за 2 години највеќе до 2 години и 6 месеци, односно од 24 месеци до 30 месеци. Тоа би опфатило три календарски години за да се опфатат тие 24 месеци или 30 месеци. Ова може да се реши на два начини. Верува дека има и други такви набавки кои можат да одат на 2 или две и пол години како на пример интернет пристапот од далечинските локации. Колку што разбрал оваа година има проблем со нејзината реализација бидејќи се јавил економски оператор којшто технички не е способен тоа да го направи како што

треба. И од таа причина подобро е овие набавки да бидат на подолг период, можеби и со построги услови и тој што ќе се јави да има сигурност дека таа работа ќе ја работи во подолг период. Ова по него може да се реши на два начини. Првиот начин оваа ставка од 7 милиони е да се зголеми, сега има можности затоа што гледаме дека планираните трошоци се помали од планираните приходи и финансиски има простор од неколку 10-тина милиони денари. Она што го прават другите институции е следното: во планот што го има кој се однесува на следната година 2019, обично се додаваат уште две колони, во првата се пишува она што е планирано за 2019, а потоа се додаваат уште две колони за 2020 и 2021, вообичаено се оди до три години. Во оние идни години не се пишуваат сите ставки детално, туку во оние полиња каде што се знае дека ќе има набавки за 2 или 3 години тука се додаваат а задолжително се прави тоа за капиталните инвестиции. Моментално нема сега Агенцијата таква капитална инвестиција. Тие се двете можни решенија. Ова второто решение предизвикува да нема никакви промени во сегашниот план, едноставно во плановите за 2020 и 2021 година се допишуваат оние позиции каде што може да има такви набавки од 2 или 2 и пол години инвестиции. Исто така додаде дека Агенцијата нема обврска дека за 2020 или 2021 година ќе остане онака како што предвидела, тоа е само предвидување не е конечно но отвора можност кога ќе се започне постапката за јавна набавка да се повика на тие пари и тогаш да има во буџетот дека таа набавка ќе трае 2 или 2 и пол години и ги има обезбедено средствата. Рече дека така се практикува во другите институции но не знае дали за Агенцијата важи истото затоа што таа е малку со поинакви финансиски прописи. Рече дека не мора одма да му се одговори, туку да се размисли и како ќе се прифати за него е во ред. Но крајната цел ќе биде да Агенцијата наредната година има набавка за одржување на овој основен бизнис на Агенцијата, мониторингот да биде најмалку 2 најмногу 2 и пол години можеби и 3. Дали тоа ќе биде така за интернет пристапот или и за други набавки службата ќе одлучи поединечно. Понатаму ја поздрави најавената Студијата за утврдување на влијанието на новите медиуми и би сакал во оваа Студија да се обрати внимание на начините на регистрација на приходите од реклами на новите медиуми, да се истражува како тоа може да се направи подобро. Мисли дека нивното влијание ќе расте се повеќе и повеќе, ќе дојде момент кога тие ќе бидат можеби позначајни од традиционалните медиуми. Сега се`уште не е, но забрзано се доближуваат и се повеќе и повеќе корисници ги користат услугите на новите медиуми. Посебно да се обрати внимание на нивното финансирање за време на изборни процеси. Ја поздрави оваа Студија и се надева дека во неа детално ќе се проучат сите аспекти на финансиското работење што досега не било случај. Повеќе се разговарало и на седници и во јавноста околу слободата на изразување дали тоа треба да се регулира или не. Сега во овој случај добро е ова што во финансискиот дел е предвидено да се направи што подетално таа Студија. Го поздравува тоа. Имаше уште една забелешка за Точките 4 и 5. Праша дали ќе треба овие годишни планови за надзор да се коригираат од страна на Советот ако се случи со редовните претседателски избори да има и предвремени парламентарни избори или тие хипотетички предвремени парламентарни избори би ги сметале како вонредни надзори?

Раководителката на Одделението за човекови права и медиумска писменост м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека ова прашање може да се гледа по примерот на мониторингот на референдумот од оваа година. Информира дека во таков случај се прави реорганизација на ресурсите во моментот и на начинот на спроведување, се реорганизира планот во од. Доколку е најавен процесот се прави

нешто однапред што може да се направи или нешто по завршувањето, затоа што во тие периоди каде што има големи настани методолошки е неоправдано да се прави анализа на некои редовни активности бидејќи се изместува програмската шема. Исто така тоа зависи од тоа дали предвремените парламентарни избори би биле во исто време со претседателските. Доколку се во исто време како пред неколку години што имаше случај, го отежнува работењето на секторот за да се раздвои која кампања на што се однесува, но со предвидените рокови нема да има промени. Доколку се појави некоја друга ситуација тоа би се решавало кога би имале податоци.

Г-дин Петрушевски рече дека основното прашање му било дали ќе се смени планот или ќе се стават во групата на вонредни надзори?

Раководителката на Одделението за човекови права и медиумска писменост м-р Емилија Петреска Камењарова одговори дека до сега не се менувале само се реорганизираат месечните планови за мониторинг, затоа што не може сè да се знае однапред.

Г-дин Фиданоски рече дека со неговата дискусија ќе продолжи онаму каде што завршиле со хипотетички сценарија и сака неговите размислувања јавно да ги сподели. Смета дека е можно да има и предвремени парламентарни избори според некои неофицијални информации и можно е во вториот круг на претседателските да има прв круг на парламентарни. Во секој случај тоа дополнително ќе го зголеми обемот на работа на Агенцијата поврзана со мониторингот за медиумско претставување, за следење на медиумите како известуваат за време на изборите. Се разбира рече, дека тоа ќе биде централен настан или централна обврска за Агенцијата, но ако се има предвид искуството од минатите неколку изборни циклуси, независно за каков тип на избори станува збор, не се сомнева дека Агенцијата ќе биде на висина на задачата и дека ќе ја исполни онака како што треба. За разлика од тоа што имаше одредени ситуации со следење на референдумот, сега има прецизни правила на игра, нема да има растегливо толкување на некои работи, и медиумите веќе знаат што и како можат и што и како мораат да направат а е поврзано со медиумското следење на изборниот циклус. Што се однесува до Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност, сигурен е дека ако се земат предвид информациите кои се јавно достапни на кои таа ќе почива, не се сомнева дека ќе биде квалитетно сработена. Се изјасни дека не би брзал дека мора да се стави во програмата дека Стратегијата ќе почне со реализација. Кога во раце ќе ја имаат Стратегијата, секој документ што го носи Советот е подлежен на измени и дополнувања и може дополнително да се внесе ако се почувствува потреба. Многу е поважно Стратегијата да почне да се спроведува отколку тоа Советот да го констатира теоретски. Верува дека и тој документ ќе биде квалитетно направен и дека ќе почне да се реализира и ќе ги следи сите трендови коишто доаѓаат со така наречениот цивилизациски напредок, а коишто многу брзо се менуваат една со друга. Рече дека и тој се придружува на поздравувањето за најавата за изработка на двата документи кои се однесуваат на политики на АААВМУ за медиумска писменост и за достапност на медиумите до лица со сетилна попреченост. Искрено се надева дека во текот на 2019 година ќе се реализира она што еднаш беше кажано на еден јавен состанок, јавно од претставник од Бирото за развој на образование дека ќе има можност во учебната 2019-2020 година медиумската писменост во некаква форма да влезе во образовниот процес, што би бил еден голем исчекор напред. Се согласува со она што го кажал г-дин Трајчевски, Агенцијата треба во секое време да биде предводник за

медиумската писменост што е и законска обврска. Верува дека така и ќе почне примената затоа што, многу пати рекол и тоа е општо познато на сите останати, засега единствен и ефикасен лек во борбата против пропагандата и дезинформирање е медиумската писменост. Ја поздравува најавата за изработка на годишниот извештај за медиумската сопственост на медиумите во Македонија. Смета дека тоа како една целина многу ќе ја олесни работата и на Агенцијата и на медиумите, ќе се добие поголем увид и со тоа ќе се покаже поголема транспарентност. Претпоставува дека во оваа сфера времето ќе покаже дали ќе има потреба и од дополнителни законски интервенции. Се залагал секогаш за тоа дека евентуалната недозволена медиумска концентрација односно медиумската сопственост не смее да се претвори во монопол но не смее и да го спречува развојот на медиумите. Што се однесува до другите делови, тие се стандардни делови од програмата што ги има секоја година. Знае и убеден е дека Стручната служба ќе ги реализира на ниво. Тоа се однесува и за годишните планови што исто така се стандардни. Во врска со финансискиот план рече дека има неколку прашања. Гледа дека се повторува кај ставка 441 набавка на специјализирано возило за потребите на работата на Агенцијата, па праша дали има нешто поконкретно во однос на оваа набавка, дали има намера следната година да се реализира и за каков тип на возило станува збор. Второто прашање беше во врска со ставката интелектуални и други услуги, и праша дали зголемувањето од 5 милиони денари во однос на претходната година се однесува заради ангажманот на надворешни соработници за изборниот процес. Во однос на ставката 413 трошоци за службени патувања и дневници, споредбено со ланскиот финансиски план, на секоја од ставките гледа или видливо зголемување или дуплирани во зависност од износот. Ако е помал некаде е дуплиран, ако е поголем износот тој за разлика од минатата година има видливо зголемување од 25% па нагоре. Праша како е ова планирано и за каков тип, дали за меѓународна активност или нешто друго.

Г-дин Трајчевски рече дека ќе одговори на две прашања. За специјализираното возило објасни дека тоа беше дел од проектот ИПА 2011 којшто не се реализира затоа што не беа предвидени финансиски средства. Потоа два пати се провлекуваше во годишните планови меѓутоа не се изврши набавка на такво возило каде што ќе може да се снима, да се врши мониторинг на радиостаниците во Република Македонија. Направена е анализа и сметаат дека оваа сума што е предвидена е доволна за да може да се набави такво возило. Дали ќе се набави ќе се види кога ќе се распише јавниот повик. Во врска со средствата за службени патувања, одговори дека последната година драматично се зголемија цените на авионските билети што доведува до тоа неминовно да се зголемат и ставките во финансискиот план. Агенцијата е поактивно вклучена во повеќе сегменти, каде што претставници на Агенцијата учествуваат на покана на ОБСЕ/ОДИХР, на Совет на Европа. Во поголем број случаи тие го плаќаат сместувањето и авионските билети но некогаш мора Агенцијата да има и сопствени трошоци и затоа дел од овие износи се зголемени. На состаноците на кои што учествува Агенцијата посебно во седиштето на Европската комисија во Брисел се одвиваат постојано значајни настани и многу често цените за сместување се драматично повисоки отколку во нормалните термини и затоа е предвидено вакво зголемување што не значи дека на крај ќе биде и искористено. Всушност за да не се менува финансискиот план во тековната година повеќе пати, затоа се предвидени вакви ставки.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ рече дека во објаснувањето на финансискиот план што е приложен во материјалите точно за секоја ставка е објаснето за која намена се средствата коишто се зголемени. Во врска со расходната ставка 417 рече дека оваа година иако беа предвидени 11 милиони денари, тоа ќе се види кога ќе заврши годината, нема да бидат потрошени ниту половина од тие средства. Предложените зголемувања се за секој случај. Во врска со дел од вработувањата, објасни дека во овој момент има три жени кои се на породилно отсуство и тие работни позиции се покриени со привремени вработувања и кога ќе се вратат ќе нема потреба од нови вработувања. Тој план е направен врз основа на барањата на секторите кои се доставени до Секторот за финансии и логистика и за секоја поединечна сума има образложено за што е предвидена. Минатата година беа предвидени 472 илјади денари за чистење на просториите на Агенцијата па потоа мораше во текот на годината да се зголеми финансискиот план бидејќи се зголеми минималната плата. За надворешна контрола за ИКТ информатичка комуникациска опрема, согласно прописите за заштита на лични податоци и тука треба да се ангажира фирма и тоа не било предвидено минатата година и затоа оваа година согласно законот треба да се предвиди. Кога ќе дојде финансискиот извештај за 2018 година ќе се види дека голем дел од средствата кои биле планирани не биле реализирани.

Г-дин Фиданоски рече дека е задоволен од одговорот што го добил. Рече дека не е спорно, ги прегледал сите ставки, некаде има намалување, но нему му паднале во очи овие три работи и сакал да добие објаснување. Задоволен е од објаснувањето и ќе даде поддршка на оваа точка односно на сите три точки кога ќе се гласа.

Г-дин Трајчев рече дека се јави за дискусија повеќе во контекст на искажувањето на г-дин Фиданоски бидејќи за тие ставки имал свое видување и образложението кое е дадено е соодветно. За разлика од претходните години сега е подетално објаснето. Колку што се сеќава минатата година побарал да се дадат оние движења каде има намалување а каде зголемување со тоа што подобро би било методолошки во една табела се даде една колона каде што ќе бидат евидентирани планирани и потрошени средствата од претходната година и колона за планирани средства за наредна година за да се има еден полесен увид на целата состојба. Инаку и вака детално е објаснето и ја даваат сликата. Во ставката кај договорните услуги можеби е добро да се размисли доколку е попрактично, да се вработат некои луѓе доколку таквиот трошок е помал, затоа што ангажирање на надворешни луѓе ад хок може да чини поскапо доколку генерално е потребно за работењето. Секоја ставка си има образложение. Во врска со набавката на возило и услугите задоволен е од одговорот и дадено е едно добро објаснување за тоа што се планира како трошоци. Во врска со програмата рече дека секогаш негова заложба е меѓународната соработка да биде што поизразена и што повеќе продлабочена. Во самата програма се дадени сите оние активности коишто Агенцијата ќе ги има во рамките на сите оние тела каде што е членка и онаму каде што има своја активност. Спомната е билатералната соработка и лично смета дека повеќе треба да се даде фокус на таа билатерална соработка од причина што овие мултилатерални настани или конференции кои што се случуваат на тие тела обично се теми на коишто Агенцијата зема учество и дава свој придонес и добива сознанија за тековите и трендовите кои што се случуваат. Но многу подобро е Агенцијата да има билатерална соработка затоа што има конкретни теми коишто се од интерес и може да размени искуство со другите регулатори во околните држави како

најблиски во регионот по природата на проблематиката и на работите коишто и нив ги засегаат, но и пошироко за сите оние прашања што се во некаков развој, каде што има дискусија, каде што има некоја анализа, во кој правец да се движи во контекст на она што го кажал г-дин Петрушевски за електронските медиуми, да се согледа како е тоа кај другите регулатори, какви се нивните планови и стратегии. Смета дека таа билатерална соработка може да даде голем ефект во работењето на Агенцијата. Би сакал во оваа програма да се даде еден акцент на таа билатерална соработка, со почести контакти, средби, разменување на искуства со другите регулатори коишто ја имаат оваа дејност како нашата, коишто во некои сфери, во некои области имаат подобро и поразлично искуство од нашето и ќе даде едно видување како да се пристапи за одредени проблеми и на кој начин да се решат. Генерално програмата рече дека ги опфаќа сите работи кои се како план и ги дискутирале многу пати и добро се објаснети сите активности на Агенцијата. Има некои нови работи кои ќе се појават но нешто што може да се предвиди и планира е објаснето соодветно. Се изјасни дека ќе ги поддржи сите три точки.

Г-дин Фетаи рече дека прво се приклучува кон размислувањата и кон оценките дека е направена една добра и голема работа. Тоа е стручно направено и сето ова го смета како еден континуитет на тоа што е до сега сработено и кое ќе се надоградува во одредени елементи, со оглед на практиката и на задолженијата што ги има Агенцијата како регулатор и со новите моменти и дека идната година ќе има исто така една успешна и плодна година во поглед на реализација на активностите. Основното што на некој начин се условени, би сакал исто така да се реализира оваа програма за идната година бидејќи во тек е промената на Законот за медиуми при што се надева дека таму нема да има некоја револуција, во смисла дека ќе успееме да го сработиме до крај. Во поглед на медиумската писменост рече дека е добро што тоа го има како идеја и една од основните работи во современото општество и кај нас во последната година е што се соочуваме со многу лажни вести, fake news во медиумската сфера и нема друга одбрана освен во тоа да се подигне свеста кај луѓето, да може да детектираат што е тоа. Во таа насока рече дека би можело да се организираат дебати, едукативни или други работилници, тука да се стави повеќе нагласок. Освен овие јавни седници што ги има, би наложил во таа насока Агенцијата да организира и да биде координатор на такви дебати за одредена проблематика во било која смисла што ги засегнува медиумите и што е дел од програма на Агенцијата, почнувајќи за новите моменти во радиодифузијата, појавување на нови медиуми, загрозување на нивната економска база, промена на публиката, дигитализацијата и сето останато. Во дискусијата се споменала Стратегијата за развој која треба идната година да се реализира. Сега е во изработка, се примаат сугестии и одредени идеи таа ќе биде исто така во еден континуитет бидејќи нашата програма е дел од таа Стратегија, ги содржи основните елементи и насоки и дел е од минатата Стратегија. Добро е таа да се има предвид за која што рече дека не знае што ново ќе се донесе во смисла на современите трендови на радиодифузијата односно на трансформација на електронските медиуми на пазарот, на публиката. Се надоврза на Точка 9 поглавје за доделување дозволи за радио и телевизиско емитување, за што рече дека е пред крај Студијата за анализа на пазарот за доделување на една дозвола за радио на државно ниво што е за поздравување. Смета дека сега не треба посебно да се истакне во програмата бидејќи веќе се финализира идејата што ја имаше со години и за која што многу пати и г-дин Ајдини и тој дискутирале заедно со членовите на Советот. Можеби рече дека би било посоодветно, има чувство дека не е толку ефектуирано во смисла

да дава некои позитивни ефекти јазикот на омразата кој е се повеќе присутен иако Агенцијата и Советот сакале да ги санкционираат таквите случаи но во таа насока немале компетенции. Можеби би било потребно како што рекол во поглед на медиумската писменост така и во оваа насока, да се организираат дебати или некакви други настани, состаноци со јавноста за да се анимира негативното значење на говорот на омраза и чувството се повеќе на тоа да се внимава. Советот и Агенцијата како регулатор би имале повеќе позитивни ефекти во таа насока а не изискува некои материјални трошоци. Во поглед на меѓународната соработка, рече дека мора да го изрази неговото мислење дека има успешна и меѓународна и билатерална соработка посебно со регулаторите од нашето блиско соседство почнувајќи со бугарскиот регулатор, па косовскиот, албанскиот, од Босна и Херцеговина, од хрватскиот. Единствено рече дека може да се даде повеќе значење за да се приближиме до грчкиот регулатор, ако успееме во согласност со Преспанскиот договор и со новата политичка клима која е во државата. Со претставници од регулаторот во Србија објасни дека се сретнувале на меѓународни конференции, но билатерално нема некои значајни успеси. Можеби треба малку повеќе тука да се потрудиме на кој начин тоа да се изведе, но има простор се согласува со колегата тоа да се реализира. Нешто друго посебно не би истакнал освен што посакува финансискиот аспект да се реализира идната година, да има што помалку ребаланс на буџетот, иако е тешко во ова време тоа да се предвиди. Посакува да нема парламентарни избори во поглед на регулаторот бидејќи ќе се зголемат обврските, мониторингот и сето тоа, и да се воспостави ритам изборите да се одржуваат како што и законот налага на редовно време на секои 4 години.

Г-дин Петрушевски рече дека сите три точки се нацрти што значи дека има шанса доколку сакаат да дадат придонес и членовите на Советот и јавноста затоа што ова ќе се објави уште денес или утре и има 30 дена содржината де се подобри.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-4989/1 од 14.11.2018 година поднесен од Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно со 6 гласа „за“ донесе Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор во 2019 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2019 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-4988/1 од 14.11.2018 година поднесен од Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно со 6 гласа „за“ донесе Нацрт-годишен план за вршење административен надзор во 2019 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2019 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.01-4990/1 од 14.11.2018 година поднесен од Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно со 6 гласа „за" ја одобри Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година), со текст како што беше предложена.

Агенцијата, во врска со горенаведената Нацрт-програма за работа, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4351/1 од 29.08.2014 година.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Нацрт-програма за работа да ја објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

Г-дин Петрушевски, по гласањето рече Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, дискусиите за Точките 4,5 и 6 кои содржеа разни предлози од членовите на Советот да ги извади од материјалите и да ги прати во писмена форма до директорот и до раководителите на сите сектори да ги имаат на едно место па да размислат дали нешто ќе вградат.

**Точка 7**

Раководителката на Одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева Алексовска ја образложи Предлог-одлуката за одобрување на финансиски средства за двајца вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за учество на обука – Курс за канцелариско и архивско работење. Објасни дека раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи поднесе барање за учество на обуката за двајца вработени. Обуката е организирана од страна на Институтот за бизнис и корпоративно образование – Концепт. Сите документи како што се информации за содржината на курсот, предлог-одлуката и договорите се во прилог на материјалот. Вкупните средства се во износ од 44.840,00 денари со вклучен ДДВ, (цената по учесник изнесува 22.420,00 денари со вклучен ДДВ). За да бидат уредени правата и обврските во врска со одобрените средства ќе се уредат со посебен договор кој ќе се склучи помеѓу Агенцијата и вработените.

Г-дин Трајчевски рече дека законска обврска е вработените во ова одделение да ги следат новите законски трендови и затоа се бара одобрение од Советот за учество на оваа обука.

Г-дин Фетаи рече со оглед на тоа дека се работи за така наречено дообразување и дека е дојдено на дневен ред да се разгледува, целисходноста и оправданоста на ова барање тој го смета како завршено и повеќе го гледа како еден вид процедурално одлучување за да има се овозможи да ја реализираат таа идеја или план бидејќи сѐ се менува, сѐ се развива и треба да се следат сите овие движења и го поддржува безрезервно.

Г-дин Петрушевски рече дека го поддржува предлогот но има едно прашање, бидејќи се работи за сума која надминува 500 евра, дали законот е сменет до 1000 евра?

Г-дин Трајчевски одговори дека не станува збор за набавка од мала вредност туку за обука.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-4736/2 од 14.11.2018 година поднесен од Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4304/1 од 01.10.2018 година и едногласно со 6 гласа „за" даде одобрување за донесување на одлука на Директорот на Агенцијата за одобрување на финансиски средства за учество на обука – Курс за канцелариско и архивско работење на 2 (двајца) вработени во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Виш референт за архивско и канцелариско работење и Референт за архивско и канцелариско работење во Одделението за општи работи при Секторот за информатичка поддршка и општи работи во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во вкупен износ од 44.840,00 денари со вклучен ДДВ, (цената по учесник изнесува 22.420,00 денари со вклучен ДДВ), со текст како што беше предложена одлуката.

По одобреното учеството на обуката - курсот, да се пристапи кон склучување на договори за регулирање на правата и обврските во врска со одобрените средства за учество на обука – Курс за канцелариско и архивско работење, со вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-4980/7**
**23-11 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**